# Лишени од слобода двајца криминалци кои се обиделе да избегаат од полициска патрола

*Лицата кои се осуденици, но биле на отпуст од КПУ Идризово, додека се движеле со патничко возило „ренџ ровер“ на ул. „Панче Неделковски“ во Скопје околу 20:20 часот, не застанале на даден знак од полициски службеници и се дале во бегство*

7 октомври 2025



*Фото: МВР*

На 06.10.2025 во близина на населбата Нова Колонија полициски службеници од Одделот за специјални полициски операции, постапувајќи по план од СВР Скопје, ги лишија од слобода Н.А. (45) и А.Ј. (23) од Скопје.

Лицата кои се осуденици, но биле на отпуст од КПУ Идризово, додека се движеле со патничко возило „ренџ ровер“ на ул. „Панче Неделковски“ во Скопје околу 20:20 часот, не застанале на даден знак од полициски службеници и се дале во бегство, по што веднаш се преземени мерки и активности за нивно запирање и лишување од слобода.

Организирана е потера по возилото кое се упатило кон обиколницата, па потоа кон регионалниот пат Скопје–Велес, каде било стигнато од страна на полициските службеници во близина на населбата Нова Колонија. Кога полициските службеници, кои биле со службено возило „мазда“ се обиделе да го престигнат возилото „ренџ ровер“, возачот на возилото „ренџ ровер“ во два наврати удрил во полициското возило.

Полициски службеник испукал предупредувачки куршуми во воздух, но возилото „ренџ ровер“ не застанало туку продолжило да се движи и во близина на Нова Колонија излетало од патот. Во возилото се пронајдени пет мобилни телефони, пари и клучеви од повеќе возила, а Н.А. и А.Ј. се лишени од слобода и против нив, по документирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

ТАГ: бегство криминал МВР



**Марио Спасевски**

Новинар, Поткастер, Туризолог, Надреалист, Гејминг Гуру, Авантурист, Патник низ времето

ПОВРЗАНИ НАПИСИ



Маж од Ѓорче Петров физички ги нападнал сопругата и ќерката



Кривична за вработен во „Електродистрибуција“ зашто предизвикал пожар



Лишен од слобода тетовец кој ги обоил со црвена боја регистарските таблички и вградил флешери на својот автомобил

Interactive content by Flourish



Новата десета сезона на Diablo 4 – „Сезона на Пеколниот Хаос“

7 октомври 2025

Играта Diablo 4 доби нова сезона 10 наречена „Сезона на Пеколниот Хаос“ (Season of Infernal Chaos). Иако се задржуваат старите механики и се надоградуваат со сезонско тематски моќи овојпат...



Пукање во центарот на Куманово, ранет доктор и носител на листа на ДУИ

7 октомври 2025



Претреси во домови за стари лица во Скопје под сомненија за нехуман третман

7 октомври 2025



Пропадна тендерот за регионалната депонија во Свети Николе, нема детали за причините

7 октомври 2025



Нобеловата награда за физика доделена на тројца научници за работа на квантната механика

7 октомври 2025



Една песна, една Европа – уникатна музичка изведба во Филхаромонијата во Скопје

7 октомври 2025



Извештај на Светска банка: На работниците на Западен Балкан им требаат вештини, а на фирмите дигитализација

7 октомври 2025

**Новинска агенција „Мета.мк“** Адреса: Франклин Рузвелт бр. 19, 1000, Скопје Тел: +389 2 3109 883 Email: contact@meta.mk

**News Agency "Meta.mk"** Address: Franklin Ruzvelt No. 19, 1000, Skopje Tel: +389 2 3109 883 Email: contact@meta.mk

**Agjencion Lajmesh "Meta.mk"** Adresa: Franklin Ruzvelt Nr. 19, 1000, Shkup Tel: +389 2 3109 883 Email: contact@meta.mk

МЕТА ИЗБОР



Кому му должиме емпатија?

14 септември 2025



Истражување: Ректорите меѓу најплатените во јавниот сектор со месечни нето-плати од 3 до 4 илјади евра

17 јули 2025



Западниот Балкан се соочува со дезинформации насочени кон единството на НАТО и буџетот за одбрана пред самитот во Хаг

9 јуни 2025

ГАЛЕРИЈА

(ГАЛЕРИЈА) Цариниците спречиле влез во земјава на мигранти од Ирак, Египет, Сирија, Алжир и од Палестина

27 мај 2025



Запленети компјутери, пари и фалсификувани документи поради сомнеж за хакерски криминал

18 мај 2025



(Галерија) На Школка се одржа настанот „Гуш и бац е љубов“, децата учеа и се поврзуваа без предрасуди

12 мај 2025

